# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.5 од 31.01.2003 година**

**Член 1**

Во Законот за вршење на хидрометеоролошки работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/92) во членот 2 ставот 1 се менува и гласи:

"Хидрометеоролошките работи ги врши Управа за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст: Управа) која е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство."

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Управата има својство на правно лице."

Ставот 2 станува став 3.

**Член 2**

Во членот 9, членот 11, членот 12, членот 13, членот 14 став 2, членот 15, членот 16, членот 17 став 2, членот 18 став 2 и членот 21 став 1 зборот "Заводот" се заменува со зборот "Управата".

**Член 3**

Во членот 10 став 3, членот 22, членот 24 и членот 25 зборовите: "директорот на Заводот" се заменуваат со зборовите: "министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство".

**Член 4**

Во членот 23 воведната реченица се менува и гласи:

"Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за здравство и министерот за животна средина и просторно планирање ќе донесе прописи за:"

**Член 5**

Во членот 24 зборот "народна" се брише.

**Член 6**

Во членот 25 зборовите: "министерот за урбанизам, градежништво сообраќај и екологија" се заменуваат со зборовите: "министерот за транспорт и врски".

**Член 7**

Во членот 26 став 1 зборовите: "5.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: "100.000 до 300.000 денари".
Во ставот 2 зборовите: "500 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: "10.000 до 50.000 денари".
Во ставот 3 зборовите: "5.000 до 15.000 динари" се заменуваат со зборовите: "од 10.000 до 50.000 денари".

**Член 8**

Во членот 27 зборовите: "1.000 до 2.500 динари" се заменуваат со зборовите: "10.000 до 50.000 денари".

**Член 9**

Во членот 28 зборовите: "1.000 до 25.000 динари" се заменуваат со зборовите: "од 10.000 до 50.000 денари".

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".